**БАРАЊА И ОДГОВОРИ ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА ПЕРИОДОТ ОД 24.06.2024 ДО 30.09.2025**

| **Реден број** | **1** |
|---|---|
| Датум на поднесено барање | 10.10.2024 |
| Датум на одговор | 30.10.2024 |
| **Одобрено/Одбиено** | **Одобрено** |
| Опис на информацијата која се бара/прашува | До каде е постапката со изградба фабриката за батерии за електрични автомобили од белгиската АБЕЕ:<br>• Кој договор бил Потпишан пред една година?<br>• Дали навистина постои таков договор, и кога требало да почнува со работа според договорот? |
| Одговор од страна на Институцијата, носител на информации од јавен карактер | Друштвото за производство, трговија и услуги АВЕСТА БАТЕРИ и ЕНЕРЏИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје има склучено договор со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Кичево и истиот е солемнизиран на 11.03.2024 година.<br><br>Дирекцијата за ТИРЗ има издадено Одобрение за градење на ДПТУ АВЕСТА БАТЕРИ и ЕНЕРЏИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со правосилност од 05.07.2024 година.<br><br>Закупецот на земјиштето е должен да изгради фабрика за производство на акумулатори и батерии и да започне со производство најдоцна триесет (30) месеци од датумот на склучување на договорот за закуп, односно до 11.09.2026 година.<br>За сите дополнителни информации обратете се до самата компанија. |
| | |
| **Реден број** | **2** |
| Датум на поднесено барање | 18.03.2025 |
| Датум на одговор | 04.04.2025 |
| **Одобрено/Одбиено** | **Делумно одбиено** |
| Опис на информацијата | 1. Пропишана постапка-акт донесен од страна на орган/овластено лице на ДТИРЗ, за начин на избор на најповолен понудувач на |

| | |
|---|---|
| која се бара/прашува | Природен гас, при отворено Барање за достава на понуди за набавка на природен гас.<br><br>2. При достава на Понудите за снабдување со природен гас, запис од временските рокови предвидени за достава на барањето во определениот рок.<br><br>3. Во врска со набавките на природен гас за потребите на корисниците на природен гас во ТИРЗ Бунарџик, Ве молам да ни ги доставите понудите од сите понудувачи кои одговарале на месечните барања кои кај Вас се доставувани/примани на маил адреса lazar.vasilev@fez.gov.mk, во периодот од 01.10.2024 година до 01.03.2025 година.<br><br>4. Како БОС – баласна одговорна страна, запис од фактурите за балансирање за период од 01.10.2024 година до 28.02.2025 година. |
| Одговор од страна на Институцијата, носител на информации од јавен карактер | Во одговор на барање под број 1 (еден) ве известуваме дека Дирекцијата за ТИРЗ има донесено акт, односно Процедура за склучување на договор за трговија (снабдување) со природен гас заведена под архивски бр.01-573/1 од 14.03.2025 година која во прилог на ова решение ви ја доставуваме во фотокопија.<br><br>Во одговор на барање под број 2 (два) ви ги доставуваме месечните барања за понуда за купување на природен гас со временски записи за достава на понудите за снабдување со природен гас, во период од 19.12.2023 година до 01.03.2025 година во прилог на ова решение во фотокопија, се со цел да се констатира дека изборот за најповолен понудувач на гас се врши со цел поголема конкуренција на пазарот и добивање на испорака на квалитет на гас согласно регулативите во РСМ, по најниска понудена цена по Kwh (киловатчас) без вклучено ДДВ. |

| | |
|---|---|
| | Во одговор на барање број 3 (три) ви ги доставуваме Понудите од понудувачите за снабдување со природен гас кои се доставени, освен понудите од вас, во писмена форма во прилог на ова решение, и изјава дадена од вработен Лазар Василев, кој е сопственик на е-маил адресата lazar.vasilev@fez.gov.mk каде се доставувани понудите, во писмена форма во прилог на ова решение.<br><br>Во одговор на барање број 4 (четири) за давање на информацијата запис од фактурите за балансирање за период од 01.10.2024 година до 28.02.2025 година, ве информираме дека Дирекцијата за ТИРЗ по спроведениот тест на штетност дојде до заклучок дека оваа точка од барањето се одбива од причина што Дирекцијата за ТИРЗ согласно член 3 став 1 алинеја 2, не е создател на информацијата односно на записите од фактурите за балансирање, па .оттука со објавување на информацијата можно е настанување на штетни последици кон правното лице кое ја создало информацијата, па од тие причини ве упатуваме да го поднесете ова барање до надлежното правно лице кое ја создало информацијата (записите од фактурите за балансирање) - НОМА ГАС АД Скопје.<br><br>Наведените прилози како одговор на вашите барање кои се дел од ова решение, поради обемноста на материјалот ќе ви бидат доставени само во писмена форма. Доколку имате потреба одговорите на вашите барање да ги имате во електронска форма, истите ќе може да ги преземе овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер лично од Дирекцијата за ТИРЗ. За сите дополнителни информации обратете се до самата компанија. |
| | |
| **Реден број** | **3** |
| Датум на поднесено барање | 26.08.2025 |
| Датум на одговор | 04.09.2025 |
| **Одобрено/Одбиено** | **Одобрено** |
| Опис на информацијата која се бара/прашува | 1. Колкави средства се потрошени за Индустриската зона во Општина Радовиш и од кога истата постои?<br><br>2. Дали Дирекцијата смета дека зоната во Радовиш е успешна или неуспешна инвестиција? |

| | |
|---|---|
| | 3. Граѓаните на Радовиш се жалат дека таа зона не функционира, дека нема инвестиции. Што конкретно се направило за да се привлечат инвеститори во зоната?<br><br>4. Дали има формални барања или интерес од компании за таа локација?<br><br>5. Дали од страна на ТИРЗ е анализирано зошто Индустриската зона во Општина Радовиш е нефункционална?<br><br>6. Дали малиот бројот на жители во оваа општина и фактот што таа се наоѓа помеѓу поголеми општини како Штип и Струмица придонесува оваа зона да биде неуспешна?<br><br>7. Дали се размислува за некакви конкретни чекори за оживување на оваа зона? |
| Одговор од страна на Институцијата, носител на информации од јавен карактер | Во одговор на прашање под број 1 (еден), Ве информираме дека Технолошко индустриската развојна зона (ТИРЗ) Радовиш, со одлука на Влада на РМ основана е на 08.04.2014година. За потребите на истата, до моментов, инвестирани се 49.294.459,00 денари со ДДВ и тоа за експропријација на земјиштето, за геомеханички истражни работи, изработка на проектна документација и ревизија на истата, изведба на дел од основната внатрешна инфраструктура и надзор над истата.<br><br>Во одговор на прашање под број 2 (два), Ве информираме дека пристапот на Дирекцијата за ТИРЗ за развојот на зоните, а согласно тоа и стратегијата за развојот на ТИРЗ Радовиш се идентични за сите ТИР зони – во првата фаза во секоја зона се инвестира во основна инфраструктура со цел создавање елементарни услови за влез на потенцијален инвеститор и понатамошен развој и имплементација на останатите проекти во зоната.<br><br>Во одговор на прашење под број 3 (три), Дирекцијата за ТИРЗ на секој потенцијален инвеститор подеднакво ја нуди ТИРЗ Радовиш како локација за инвестирање. Во изминатиот период ДТИРЗ имаше конкретни делегации во посета за разгледување на ТИРЗ Радовиш како потенцијална дестинација за инвестициски проекти, при што беа остварени и работни средби- состаноци со локалната самоуправа. Со цел создавање поатрактивни услови за потенцијалните инвеститори, месечниот паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ |

| | |
|---|---|
| | Радовиш е се пониска вредност по м2 закупен простор, во однос на другите ТИР зони. Дополнително, за зголемување на конкурентната предност на зоните во внатрешноста на земјата, меѓу кои е и ТИРЗ Радовиш, се нуди поатрактивна финансиска поддршка во споредба со Скопје, односно, согласно условите предвидени во Законот за финансиска поддршка на инвестиции, инвеститорите може да се стекнат со правото на исплата на дополнителна финансиска поддршка поврзана со трошоците за капиталните инвестиции во Зоната.<br><br>Во одговор на прашање под број 4 (четири), Ве информираме дека согласно комуникацијата која ДТИРЗ ја има со потенцијалните инвеститори, ТИРЗ Радовиш се нуди како локација за инвестирање и истата се разгледува од страна на потенцијалните инвеститори. Во изминатиот период ДТИРЗ имаше конкретни делегации во посета за разгледување на ТИРЗ Радовиш како потенцијална дестинација за инвестициски проекти, при што беа остварени и работни средби-состаноци со локалната самоуправа со цел за презентирање на целосна поддршка при носењето на одлуките од страна на инвеститорите.<br><br>Во одговор на прашање под број 5 (пет), Ве информираме дека согласно надлежностите на Дирекцијата за ТИРЗ, на месечно ниво се прават анализи од повеќе аспекти. Во однос на ова прашање, сметаме дека во горенаведените одговори ги имате сите детали.<br><br>Во одговор на прашање под број 6 (шест), Ве информираме дека согласно претходните одговори, сметаме дека секоја ТИР зона има своја специфика, а исто така и секој инвестициски проект кој се разгледува има своја специфика. Дирекцијата за ТИРЗ врши детална анализа на поднесените бизнис планови и очекува дека во иднина ќе има проект кој ќе одговара токму на потенцијалите и карактеристиките на оваа зона.<br><br>Во одговор на прашање под број 7 (седум), согласно законските овластувања на Дирекцијата за ТИРЗ, на секој потенцијален инвеститор се нуди ТИРЗ Радовиш како локација за инвестирање. Секако, ТИРЗ Радовиш ќе биде земен во предвид при креирањето на политиките за нов индустриски развој на земјата, искористувајќи ги сите законски можности за максимална искористеност на овој локалитет |
| | |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **4** |
| Датум на поднесено барање | 10.09.2025 |
| Датум на одговор | 17.09.2025 |
| **Одобрено/Одбиено** | **Одобрено** |
| Опис на информацијата која се бара/прашува | 1. Висина на исплатени средства за периодот 2018-2024 година за следниве мерки за финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност:<br><br>**(1) Финансиска поддршка за инвестиции:**<br><br>а) Поддршка за нови вработувања;<br>б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;<br>в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;<br>г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;<br>д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и<br>ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.<br><br>**(2)Финансиска поддршка за конкурентност:**<br><br>а) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот;<br>б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.<br><br>2. Проценка на чинење (изгубен/опортунитетен приход) и исплатени средства за државна помош согласно Закон за технолошко индустриски развојни зони:<br><br>а) ослободување од плаќање на личен и корпоративен данок на доход<br>б) ослободување од плаќање ДДВ и царини за добра, суровини, опрема и машини<br>в) помош за оправдани инвестициски трошоци<br>г) закуп на земјиште<br>д) бесплатно поврзување на комуналии |

| | |
|---|---|
| | ѓ) ослободување од плаќање комуналии<br>е) ослободување од плаќање давачки за градежни дозволи<br>ж) ослободување од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште<br>З) поддршка на изградба на градежен објект според договорот.<br>Потребни се податоци за годишните средства за секоја мерка, во следниов формат:<br>Табела 1: Износ на исплатена државна помош<br>(see table below)<br>*Ве молиме наведете го видот на дадена помош:<br>- хоризонтална<br>- сектроска (наведете го секторот)<br>- регионална<br><br>**Ве молиме наведете ја формата на дадена помош:<br>- грант<br>- заем<br>- субвенција<br>- даночно ослободување<br>- царинско ослободување |

Табела 1: Износ на исплатена државна помош

| Назив на мерка | Вид на помош * | Форма на помош** | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Одговор од страна на Институцијата, носител на информации од јавен карактер:

| Категорија | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи | 137,690,827,304 | 149,107,737,881 | 135,232,076,340 | 156,297,043,299 | 200,093,874,348 | 213,581,187,895 | 184,935,525,155 |
| % на пораст | | 8.3% | -9.3% | 15.6% | 28.0% | 6.7% | -13.4% |
| Нето Добивка | 7,859,982,518 | 7,027,213,756 | 5,395,836,520 | 5,885,612,017 | 6,584,784,394 | 7,505,829,831 | 7,223,529,801 |
| % на пораст | | -10.6% | -23.2% | 9.1% | 11.9% | 14.0% | -3.8% |
| Профитна маржа на портфолио | 5.7% | 4.7% | 4.0% | 3.8% | 3.3% | 3.5% | 3.9% |
| Број на вработени | 12,048 | 13,164 | 13,014 | 13,605 | 15,578 | 17,874 | 18,551 |
| % на пораст | | 9.3% | -1.1% | 4.5% | 14.5% | 14.7% | 3.8% |
| Уплати во буџет од корисниците по основ на плати: | 1,392,568,340 | 1,748,342,033 | 1,956,312,468 | 2,030,187,490 | 2,741,965,759 | 3,769,685,763 | 4,389,474,862 |
| % на пораст | | 25.5% | 11.9% | 3.8% | 35.1% | 37.5% | 16.4% |
| Уплати во буџет по основ на данок на добивка: | 671,261,935 | 916,017,782 | 459,109,300 | 153,110,763 | 556,468,985 | 728,555,302 | 902,396,622 |
| % на пораст | | 36.5% | -49.9% | -66.7% | 263.4% | 30.9% | 23.9% |
| Вкупно уплати во буџет | 2,063,830,275 | 2,664,359,815 | 2,415,421,768 | 2,183,298,253 | 3,298,434,744 | 4,498,241,065 | 5,291,871,484 |
| % на пораст | | 29.1% | -9.3% | -9.6% | 51.1% | 36.4% | 17.6% |
| Државна помош од ТИРЗ | 564,312,637 | 806,055,518 | 988,049,189 | 1,510,453,637 | 1,390,743,003 | 1,546,252,959 | 2,173,607,183 |
| % на пораст | | 42.8% | 22.6% | 52.9% | -7.9% | 11.2% | 40.6% |
| **Позитивна разлика помеѓу: уплати во буџет (А13) - државната помош (А15)** | **1,499,517,638** | **1,858,304,297** | **1,427,372,579** | **672,844,616** | **1,907,691,741** | **2,951,988,106** | **3,118,264,301** |

| УПЛАТИ ВО БУЏЕТ се состојат од: | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата (АОП215) | 108,257,481 | 131,864,006 | 149,914,364 | 181,606,906 | 374,382,137 | 541,869,512 | 611,392,318 |
| % на пораст | | 21.8% | 13.7% | 21.1% | 106.1% | 44.7% | 12.8% |
| Придонеси од задолжително социјално осигурување (АОП216) | 1,284,310,859 | 1,616,478,027 | 1,806,398,104 | 1,848,580,584 | 2,367,583,622 | 3,227,816,251 | 3,778,082,544 |
| % на пораст | | 25.9% | 11.7% | 2.3% | 28.1% | 36.3% | 17.0% |
| Уплати во буџет по основ на данок на добивка (АОП252): | 671,261,935 | 916,017,782 | 459,109,300 | 153,110,763 | 556,468,985 | 728,555,302 | 902,396,622 |
| % на пораст | | 36.5% | -49.9% | -66.7% | 263.4% | 30.9% | 23.9% |
| ВКУПНО УПЛАТИ ВО БУЏЕТ | 2,063,830,275 | 2,664,359,815 | 2,415,421,768 | 2,183,298,253 | 3,298,434,744 | 4,498,241,065 | 5,291,871,484 |

| ДРЖАВНА ПОМОШ | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| грант за креирање на нови раб.места | 111,906,253 | 167,471,088 | 108,787,079 | 54,640,494 | 45,173,913 | 100,082,982 | 171,207,147 |
| / даноци од работен однос | 74,746,275 | 99,421,863 | 121,600,361 | 108,078,762 | 67,861,364 | 64,982,497 | 77,445,636 |
| Зоната/како и за нематеријални средства | 23,983,050 | 91,959,794 | 256,627,713 | 365,939,116 | 222,786,938 | 363,366,096 | 685,021,264 |
| услови | | 6,902,262 | 100,788,681 | 203,184,316 | 402,281,801 | 238,394,266 | 787,123,876 |
| царина-субвенција | | | | | | 59,112,109 | 1,993,762 |
| градежен грант | 61,665,000 | 18,447,780 | 12,339,000 | | | 30,751,500 | |
| царина | 24,335,231 | 16,212,789 | 71,685,272 | 92,112,586 | 36,279,409 | 71,727,999 | 53,454,901 |
| персонален данок на доход | 118,336,827 | 184,293,168 | 176,318,090 | 196,492,680 | 295,113,134 | 369,241,891 | 271,409,172 |
| данок на добивка | 149,340,000 | 221,346,774 | 139,902,993 | 490,005,684 | 307,334,631 | 234,140,591 | 107,759,279 |
| субвенционирана цена на закуп | | | | | 13,911,813 | 14,453,028 | 15,064,695 |
| Обука | | | | | | | 3,127,451 |
| Вкупно: Исплатено од ДТИРЗ | **272,300,578** | **384,202,787** | **600,142,834** | **731,842,688** | **738,104,016** | **856,689,450** | **1,728,288,676** |
| Вкупно: Ослободувања | **292,012,059** | **421,852,731** | **387,906,355** | **778,610,950** | **652,638,987** | **689,563,509** | **445,318,507** |
| Вкупно државна помош: | **564,312,637** | **806,055,518** | **988,049,189** | **1,510,453,637** | **1,390,743,003** | **1,546,252,959** | **2,173,607,183** |

| | |
|---|---|
| (светло сино) | индивидуална помош/исплатено од ТИРЗ |
| (зелено) | шема на помош/ослободувања |